20252054080

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 110/21 и 3/25), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/19, 158/19, 279/19, 243/20, 5/21, 237/21, 201/23 и 94/24), во Прилогот 2 – Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, Поглавје II – Шифри, во рубриката 37 - ПОСТАПКА, б) Шифри за втора подрубрика, Ослободување од плаќање на увозни давачки, на крајот од табелата по зборовите „Увоз на добра/стоки извршен од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, наменети за реализација на проектот Железнички Коридор VIII - Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија член 8 став 4 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот Коридор VIII - Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија C73“ се додаваат зборовите:

| | | |
|---|---|---|
| „Увоз на добра/стоки извршен од страна на Јавното претпријатие за државни патишта или од избраниот изведувач од страна на Јавното претпријатие за државни патишта наменети за ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово | член 6 ставови 2 и 5 од Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | C74 |
| Увозот на добра/стоки извршен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање или од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање наменети за Регионалниот проект за цврст отпад | Член 7 ставови 2 и 5 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад | C75’’. |

Во делот Друго, на крајот од табелата по зборовите „За возилата кои ќе се увезат и регистрираат согласно Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија износот на царински и даночни обврски се намалува за 50% од утврдената вредност на сите давачки кои се наплатуваат при увоз F66“ се додаваат зборовите:

| | |
|---|---|
| „Увозот на добра извршен од страна на ангажираните компании за реализација на проектите согласно со Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.17/25 и 84/25) е ослободен од данокот на додадена вредност согласно член 2 став 4 од Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата | F67''. |

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-5209/3
6 октомври 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.